# ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА РАБОТНА СРЕДИНА – ПРЕДУСЛОВ ЗА КВАЛИТЕТНА И ПРОДУКТИВНА РАБОТА

**СОНК и МЗЗПР ги презентираа резултатите од истражувањето за безбедноста на работните места во градинките, образованието, науката и културата**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК во соработка со Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР го реализираат проектот “Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука”.



Со активностите од овој проект ќе се утврди општата состојба, недостатоците и моменталните слабости во врска со примената на безбедност и здравје при работа (БЗР) на национално ниво, во сите дејности што ги покрива СОНК.

По добиените крајни резултати од извршените активности ќе се

преземат мерки за ефективно спроведување на БЗР процедурите во пракса.

Целта на овој проект е да се создаде една општа култура и познавање од областа на БЗР преку креирање на функционален систем за целокупниот кадар вработен во дејностите од детска заштита, образование, наука и култура.

Придобивка од реализацијата на овој проект ќе имаат сите засегнати страни, особено вработените во установите од детската заштита, образованието, науката и културата, како и синдикатите, работодавачите и надлежните министерства.




Во рамките на овој проект, се одржа јавна дебата на 23.12.2022 година, на која учесници беа дел од нашите членови, а се презентираа резултатите од истражувањето кое беше спроведено во период од 7 до 13 ноември 2022 година. Истражувањето беше по пат на анонимен, двојазичен прашалник, испратен до членовите на СОНК од сите 20 региони. На дебатата се анализираа одговорите на преку 1200 испитаници и се дискутираше за проблемите и потешкотиите со кои се соочуваат

вработените во установите од дејностите што ги покрива СОНК. Јавната дебата беше оценета како конструктивна и со својата тема проникна до сите присутни, од каде произлегоа идеи, сугестии, предлози и препораки до сите релевантни чинители, како да се надминат одредени ситуации, а се со цел подобрување на функционалноста на имплементацијата на БЗР во образовниот и научниот сектор.




---

# УЧЕСТВО НА СОНК НА СПЕЦИЈАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ETUCE ВО ЛИЕЖ

На 5 и 6 јули 2022 година, во Лиеж, Белгија, се одржа Специјална конференција на ETUCE на тема: „Мобилизирање за квалитетно образование“ (“Mobilising for Quality Education”).

Во текот на Конференцијата, претставниците на синдикатите, членки на ETUCE, се сретнаа и дебатираа на оваа тема, со цел зајакнување на солидарноста помеѓу наставниците и другите вработени во образованието низ Европа.

На конференцијата беа усвоени Предлог-резолуцијата за Синдикалниот ангажман и активност во Европа: „Мобилизирање за квалитетно јавно образование, за придобивките на учениците и подобрување на статусот на наставниците и целиот образовен кадар", како и „Мировната резолуција за Украина".

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК го претставуваа Претседателот на СОНК, Јаким Неделков и Лена Спасеновска Поповска, член на Советот на СОНК.

По усвојувањето на нацрт-документот: „Подигнување на статусот и подобрување на атрактивноста на наставничката професија", во името на Претседателот на СОНК, Јаким Неделков, до присутните се обрати Лена Спасеновска Поповска.



Текстот од обраќањето во целост, може да се види тука.

Повеќе детали во врска со Конференцијата може да се прочита и погледне на следниот линк.

# Продолжува одржувањето на едукативните семинари во регионалните одбори на СОНК

## НЕПОДЕЛЕНО Е МИСЛЕЊЕТО ЗА ГОЛЕМАТА КОРИСТ ОД СЕМИНАРИТЕ

Во текот на изминатите два викенда, одржани се едукативни семинари во регионалните одбори на СОНК – Штип, Велес, Гевгелија и Струмица. Како и во првите два региони – Делчево и Кочани и во овие четири региони на нашиот Синдикат, едукативните семинари беа одржани , со заедничка оценка на учесниците- мошне успешно.

Имено, присуството на членовите на регионалните одбори, иако истите се одржуваат во денови на викенди, е сосема задоволително со мали исклучоци од  оправдани причини.

Во досега одржаните регионални одбори, со неспорно внимание и интерес се следеа воведните излагања по трите теми од семинарот и според анонимните Анкетни прашалници, што ги пополнуваа учесниците, со само неколку поединечни исклучоци, што се помалку од 1 до 2% од бројот на анкетирани, сите изразиле мислење дека семинарите биле многу корисни и исто така добар дел од информациите што ги добиле , ги оценуваат како работи за кои не биле информирани или делумно или погрешно информирани.

Исто така, како мошне успешни можат да се оценат и вториот дел од семинарите, кои се во вид на работилници, во кои членовите на регионалните одбори без ограничување на времето можеа да

даваат свои мислења, предлози, сугестии, како и да поставуваат прашања по сите надлежности од активноста на Синдикатот.

На крајот ќе ги одбележиме и остварените работни средби со градоначалниците од општините, на чие подрачје беа одржувани едукативните семинари и тоа по основ на улога на домаќини на чие подрачје беа одржани семинарите. Овие работно-протоколарно работни средби само ја потврдија потребата од директни контакти помеѓу раководството на СОНК, како на централно, така и на локално ниво, со најодговорните од единиците на локална самоуправа. Потсетуваме дека, веднаш по завршување на едукативните семинари, СОНК ќе продолжи со одржување на седници по регионални одбори, на кои ќе бидат поканети да присуствуваат градоначалниците што ги опфаќа конкретниот регионален одбор на СОНК.





